РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3703/2
17-01-2022 г./v.
(2019)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3703/1 од 26.07.2019 година, со наводи за злоупотреби по спроведена приватизација на земјиште во државна сопственост, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Општина ///.

Предметот со број 12-3703/1 од 26.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 26.07.2019 година поднесена е пријава со наводи за злоупотреби по спроведена приватизација на земјиште во државна сопственост и оформен е предмет број 12-3703/1 од 26.07.2019 година.

Во пријавата подносителот наведува дека правното лице /// по спроведена стечајна постапка над правното лице /// наследило право на користење на државно земјиште кое го издавало под наем на други правни лица. Дополнително, според изнесеното во пријавата, правното лице /// врз основа на важечките законски прописи откупило земјиште во државна сопственост по пониска цена, кое потоа било продадено по многукратно повисока. Според наводите од пријавата, ваквата постапка не била во согласност ниту со деталниот урбанистички план со кој била предвидена дислокација на објект на една од парцелите.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Општина ///.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**